РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-764/2
27-05-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 18-та седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-2429/1 од 16.09.2024 година, оформен по доставена пријава против лицето ____, поранешен ВД Директор на Агенцијата ____, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот. За предметниот случај во тек се постапки пред други надлежни органи.

Предметот со бр. 12-2429/1 од 16.09.2024 година да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 16.09.2024 година, поднесена е пријава против лицето ____, поранешен ВД Директор на ____и оформен е предмет бр. 12-2429/1 од 16.09.2024 година.

Подносителот на пријавата укажува на извршени злоупотреби на службената положба и овластување од страна на посочениот в.д директор, кој во временскиот период од 24 декември 2021 година, до неговото разрешување од

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Владата на РСМ, на начин спротивен од Законот за јавни набавки го реновирал и опремил со мебел службениот кабинет. Истовремено, пријавеното лице спротивно на законот склучил договор за вршење на адвокатски услуги со адвокат и на истиот му исплатил парични средства од сметката на Агенцијата и тоа двојно.
Подносителот на пријавата бара да се преземат мерки и да се констатираат извршените законски повреди.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање, а подоцна и ургенција за прибирање информации до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.
Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, известува дека во Основното јавно обвинителство Скопје (понатаму: ОЈО Скопје) е оформен кривичен предмет XXXV РО бр. ____, по доставено писмено известување од страна на МВР Скопје, Единица за економски и компјутерски криминал бр. ____ од ____година, поради постоење на основано сомневање за сторено кривично дело од страна на вршителот на должност директор на Агенцијата ____, ____ во периодот започнувајќи од 21.12.2021 година, до денот на неговото разрешување, а кон известувањето нема доставено материјални докази или податоци од кои би можело да се утврди кривична одговорност, до МВР-СВР Скопје, Единица за економски и компјутерски криминал е доставена Наредба XXXV РО бр. ____од ____година за собирање на материјални докази и потребни податоци, кои можат да послужат како доказ за стореното кривично дело, по која наредба сеуште се постапува, а по добивањето на потребни докази и нивна анализа ќе следува јавнообвинителска одлука за која ќе бидете навремено известени.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот, односно дека за предметниот случај во тек се

постапки пред други надлежни органи (ОЈО – Скопје), и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р. Билјана Каракашова Шулев

Изработил: м-р В.З, Виш соработник
Контролирал: м-р К.З, Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П, Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц, Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk